# на мтно

## КОМЕНТАР



**Големи промени се случија во Македонија во изминативе две декади. Еден дел од нив беа предизвикани од генералните турбуленции во поширокиот регион - Балканот и Југоисточна Европа, а другиот дел, како резултат на внатрешните процеси во автохтониот живот на земјата делумно во содејство, а делумно независно од окружувањето.**

**На државен план, по распадот на СФРЈ, Македонија влезе во арена со меѓународната заедница, и по којзнае којпат ја започна својата дипломатска агонија, за признавање на името, државноста, нацијата…..**

**Македонската Православна Црква, пак, ја води истата таа битка, но на еден друг начин: преку Евхаристијата, Светата Тајна на Литургијата, којашто ја принесува Епископот од сите и за сè…**

**Во посткомунистичките земји, излегувајќи од „катакомбите“ Црквата блесна во сјајот на вечно новиот, секогаш млад Христос, незасегната од сите земни, привремени нужности, или токму наспроти нив, покажувајќи ја и сведочејќи ја славата на Царството на Отецот, Синот и Светиот Дух, коешто не е од овој свет.**

**‘Вибрирачки црковен живот’, ‘динамична духовна обнова’, и ‘една од најдобро чуваните тајни на Православието’ ! Со овие зборови го изразува своето доживување на она што го виде и доживеа архимандритот Даниол од Велшката Православна Мисија во Велика Британија, при својата неодамнешна посета на нашата земја.**

# гаја лета!



Оваа динамична духовна обнова во црковниот живот во последниве петнаесетина години од историјата на нашата татковина, секако дека не се случи преку ноќ; тоа поскоро е плод на молитвата и на покајанието на неколку генерации духовници, свештени отци и пастири на нашата Црква, кои во свое време го посејаа семето, а ние сега ги собираме плодовите... Или самите сме тие плодови... Дедо Гаврил, епископот Велички, Дедо Доситеј, првиот архиепископ на самостојната Црква во поствоена Македонија, Дедо Михаил и други... Борис Бошковски би рекол - верата на нашите татковци...




Деновиве пак, Црквата во Македонија има повеќекратни причини за радост и слава - покрај првичната, причинета од празникот на Христовото Воскресение, којашто е архетип на сите човечки радости, Господ ја дарува Македонската Православна Црква со тројца нови владици, на коишто веќе подолго време се чекаше. Настанот на прогласувањето се случи и беше објавен на ден 22. 04. 2005 г. Синодот на Македонската Православна Црква едногласно ги избра за Владици тројцата архимандрити: отец Климент, игумен на манастирот Зрзе, отец Пимен - игумен на манастирот на Светите Климент и Наум Охридски во Хамзали, (во моментов на постипломски студии во Париз), како и отец Методиј, игумен на манастирот Свети Спас, во главниот град на Републиката.

# ВИКАРЕН ЕПИСКОП ХЕРАКЛЕЈСКИ КЛИМЕНТ

**Светогорскиот монах о. Климент, по неколкугодишниот престој на Света Гора во манастирот Григоријат под духовно раководство на архимандритот Георгиј Капсанис, доаѓа во Македонија во 1995 г., најпрво како игумен на водочкиот манастир, а потоа на манастирот на Светото Преображение во Зрзе, каде што го возобновува монашкиот живот и ја заживува подзаборавената исихастичка традиција на овој со векови познат македонски духовен светилник. Под покровот на Богородица Пелагонитиса, и со благослов на Митрополитот Петар, преку активниот светотаински живот, тој е стожер на духовната преродба кај народот во Преспанско-пелагониската епархија.**

**Во продолжение ви пренесуваме дел од одговорите што ги даде отец Климент во интервју за весникот „Време“ од 30. 04. 2005 г.**



**✍ Пред да станете монах во Македонската Православна Црква, заедно со сегашниот митрополит Наум, бевте на Света Гора. Зошто се вративте во Македонија?**

**Се вративме зашто бевме повикани. Блаженоупокоениот архиепископ Михаил знаеше оти сме на Света Гора и мислам дека повикот беше заради монашкиот квас. Не можевме да останеме глуви и неми на повикот на Мајката-Црква во која се родивме, се крстивме и растевме. Македонските манастири, освен неколку што можеше на прсти**

да се избројат, беа празни. По предлог на Митрополитот Петар и со благослов на дедо Михаил, се иницира нашето враќање. Божјата грижа за нас и православната соборност низ конкретни дела тие денови ни ја покажа романскиот епископ Калиник, докажан пријател на Македонската Православна Црква. Набрзо потоа мојот постар брат Наум стана Струмички Митрополит, а манастирите во таа епархија - монашки духовни расадници.

✍ Каков беше односот на светогорците по однос на Вашето македонско потекло?
„Автентичниот светогорски монах не е роб на националното чувство, зашто тој од својот личен опит знае дека пред светлиот лик Христов сѐ друго бледее и го губи своето примарно значење. Не истакнувајќи ја својата национална припадност, кога ќе станеше збор за потеклото, светогорците велеа дека сме едемити (жители на Едем). На Света Гора се зборува грчки, а тој богат јазик бидејќи не е наш мајчин го отвораше прашањето за потеклото. Повеќето знаеја дека сме од Македонија и тоа не беше проблем. Малите исклучоци речиси ги заборавив.“

✍ Дали манастирот во селото Зрзе некогаш бил епископско седиште?
„Третпат во својата историја манастирот Зрзе станува епископско седиште. Првпат во 14 век во 1378 година кога зрзескиот монах Јован Зограф станал митрополит Пелагониски. Вторпат во 18 век во 1714 година кога зрзескиот монах Јосиф е избран за митрополит на катедрата во Пелагонија, од каде што во 1746 година е избран за Охридски Архиепископ. Последната одлука на Светиот Синод на Македонската Православна Црква со која сум избран за викарен епископ на епархискиот архијереј на Преспанско-пелагониската епархија повторно го етаблира манастирот Зрзе како епископско седиште.“



## ВИКАРЕН ЕПИСКОП ПОЛЈАНСКИ ПИМЕН

**Архимандритот којшто последните неколку години пред да замине на своите постдипломски студии на институтот Свети Сергеј во Париз воедно беше и секретар на Струмичката Епархија достоинствено ја прифати титулата помошен епископ на Струмичкиот Митрополит, имјаќи чест да седи на тронот на светиот Партениј Зографски...**

# Отец Пимен:
# Изолацијата е дел од вообичаената процедура

**(извадок од велигденското интервју со отец Пимен за весникот „Дневник“)**

**Проблемот со кој се соочува Македонската Православна Црква е проблем што го имале и го имаат и другите сестрински Православни Цркви. Прифаќањето на нашата црковна автокефалност од помесните сестрински Православни Цркви е тешка задача, којашто ние како Македонска Православна Црква треба да ја одбраниме и преку нашата црковна дипломатија да добиеме приврзаници во лицето на другите национално неоптоварени Православни Цркви.**

**Погледнете ја историјата на раѓањето на националните Цркви на Балканот во 19 и 20 век и ќе видите дека сите минале изесен период, кој помалку кој повеќе, во изолација од православната екумена. Дополнителен проблем за нас е и судирот на двете концепции за прашањето од кого треба да се добие тој автокефален статус, од мајката-Црква, односно од Црквата што последна имала јурисдикција врз тие простори или од Цариградската Патријаршија како Вселенска Патријаршија? Во исто време борбата за зачувување на автокефалноста и за признавање на Македонската Православна Црква под тоа име е и борба за зачувување на нашето уставно име.**

**Досегашното дејствување на Македонската Православна Црква од самото нејзино возобновување до денес беше и е во насока на зачувување на нашата автокефалност и на нашето уставно име. Можам да кажам дека досега сиот клир на Македонската Православна Црква работеше на зачувувањето на автокефалноста и од 1991 година на зачувувањето на уставното име. Дали ова дејствување е вистинското - ќе покаже времето. Христос вели дека дрвото се познава по своите плодови. Верувам дека досегашната работа еден ден ќе даде плодови и дека ние сите заедно ќе истраеме во борбата за зачувување на автокефалниот статус и особено како најважно и нешто што е од големо значење - за зачувување на нашиот идентитет.**

**Во однос на преговорите најдобри резултати имавме во периодот на нашата мобилна дипломатија, кога во неофицијални средби со претставници на високиот клир на другите Православни Цркви успеавме да ја разбиеме сликата што Српската и Грчката Црква ја рефлектираа за нас како Црква. Ако нешто се менува, може да се менува во таа насока.**



**…Што досега направи т.н. „Православна охридска архиепископија“? Очигледно е дека нивното дејствување не наиде на поддршка кај Македонецот. Најголемиот нивен успех е тоа што успеаја сè уште да се задржат во споменот на некои новинари коишто постојано го актуализираат нивното постоење. Доколку успееме сите ние заеднички да ги ставиме во заборав, мислам дека ќе го маргинализираме нивното постоење. Тогаш дури сигурно ќе бидат осудени на неуспех.**

**Сè уште сакам да верувам дека тоа што се случи е само различен концепт на решавање на проблемот на расколот. Сепак, патот по кој решија да тргнат засега е непознат во Православието. Ниедна Црква од шизмата не излегла на тој начин, односно со парцијално решавање на проблемот и преминување на клирик по клирик, верник по верник.**

# ВИКАРЕН ЕПИСКОП ВЕЛИЧКИ МЕТОДИЈ

**Последниве неколку години, бидејќи меѓу другото тој е и професор во средното богословско училиште во Скопје, отец Методиј беше активен на планот на напорите што ги правеше Македонската Православна Црква за интегрирањето на веронауката во воспитно-образовниот систем во Република Македонија, со тоа што ја изработи наставната програма и планот за овој предмет, според кои, ако се сеќавате, неколку месеци се одвиваше наставата во основните училишта низ земјата.**

**Во тој контекст можете да ги проследите неговите размислувања околу веронауката, како и ставовите за некои горешти еклисиолошки теми.**

**Вклучувањето на образовните институции на верските заедници во образовниот систем на Р. Македонија е процес кој е органски врзан за прашањето за воведување на веронаука во основното образование. Озаконувањето на овие институции ќе помогне на верниците и на свештенството на религиозните заедници да не се гледа повеќе како на граѓани од втор ред. Гетоизацијата на овие образовни институции и неоснованата етикета на интелектуална инфериорност направија голема штета во текот на минатите децении. Работите сега се менуваат. Транзицијата на општеството треба да профункционира и во корените на овие идеолошки рецидиви. Како педагошки работник и пастир на Црквата имам охрабрувачки искуства со новите генерации на богослови и студенти на Теолошкиот факултет, а преку вклученоста во актуелните иницијативи врзани за верското образование имам сознанија и за состојбите во другите верски заедници. Чувствувам разумен оптимизам во однос на ориентацијата на новите генерации на здрави религиозни граѓани кои својата чиста и цврста вера ќе ја употребат во премостување на амбисите што се создадоа под влијание на стравот од побожноста и со помодниот атеизам кај нас.**

**Поентата, всушност, не е во изнаоѓање на модус за приближување на ставовите на Македонската Православна Црква и Српската Православна Црква. Компромисот, според дефиницијата на Тертулијан, е секој да го добие она што не го сака. Овој испит или искушение Бог го допушта, според моето скромно мнение, нашите две Православни Цркви, а конечно и сите помесни Православни Цркви да се освестат од духовната летаргија, да не ја заборават - како што вели Светиот евангелист Јован во Откровението - својата прва љубов, а тоа е Бог и Неговата вечна и непроменлива вистина. Не заради куртоазно усогласување, не заради некаква лицемерна дипломатија, туку заради љубовта којашто Самиот Бог ни ја заповеда, да не отфрламе ни еден од Неговите најмали браќа.**

**(од интервјуто за велигденскиот број на Македонско Сонце)**

Ако смогнеме сили литургиски да се прегрнеме и на тој начин да го оствариме евхаристиското единство во Христа воскреснатиот и однатре како помесни Цркви и како Една, Света, Соборна и Апостолска Црква, ќе ја оствариме нашата мисија во светот. Автокефалноста на Македонската Православна Црква е факт кој го засега целото Православие.

А тоа значи во колкава мера ќе го согледаме прашањето на нашиот статус во изворниот контекст на православната еклисиологија во толкава мера ќе успееме да се разбереме. Ќе успееме да се разбереме самите себеси преку зрелоста на еклисијалното евангелско самопознание, и ќе се разбереме во меѓусебната комуникација како помесни црковни целини. Сета мудрост што ни е потребна Бог ја открива во Светите канони на Црквата, кои треба непрестајно да нѐ описменуваат, та така просветени и еманципирани од етнофилетизам, фарисејство и секоја човечка слабост да ја остваруваме одговорната задача што ја има Црквата во светот. За тоа најпрвин е потребно многу добра волја.



На списокот на можните кандидати за владици се наоѓаат уште двајца архимандрити: свештеномонасите Партениј и Иларион, коишто се воедно и игумени на манастирите Свети Јован Крстител (Бигорски) и Лесновскиот манастир.

Светиот Синод најавува дека ќе се изврши поделба на македонските епархии во дијаспората, при што од досегашните Австралиска, Американска и Европска епархија на Македонската Православна Црква, ќе се добијат по две, заради нивно попрегледно управување, а ова значи уште нови владици.


НОВАТА HYDRAGRIP.
ДРЖИ ИСТО КАКО НА СУВО.
GOODYEAR
БИДЕЈЌИ СИТЕ
ГУМИ НЕ СЕ ИСТИ_
МАКПЕТРОЛ АД
тел. 02 20 50 039 факс: 02 31 11 525